

ООУ „Светозар Марковиќ“ Старо Нагоричане - Општина Старо Нагоричане
тел: + 389 (0) 31 495 323 email: ou-svetozarmarkovikj-staronagorichane@schools.mk

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на

## ООУ„Светозар Марковиќ“

### Старо Нагоричане

за период од 2022/2023 до 2023/2024 година

Јуни / Јули 2024 година





# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ„Светозар Марковиќ“ период 2022-2023 и 2023-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 05.08.2019 година и 229 од 2020 година). Општинското основно училиште „Светозар Марковиќ“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2023 и 2023-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 16.04.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Емилија Тренчовска - Поповска (психолог), Габриела Пешевска (одделенски наставник), Наташа Максимовска (наставник по англиски јазик), Вера Ванковиќ (родител), Фросина Вељковиќ (родител).

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2022-2023 и 2023-2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Стојна Доневска-Арсовска (одговорно лице)<br>2. Мартин Петковиќ<br>3. Наташа Мартиновска<br>4. Даниела Станковска<br>5. Емилија Тренчовска-Поповска |
| 2. Постигања на учениците | 1. Маја Вукановиќ (одговорно лице)<br>2. Елена Симоновска<br>3. Виолета Димитриевска<br>4. Светлана Стојчевска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Жаклина Стрика (одговорно лице)<br>2. Драгица Димковска<br>3. Александра Трајковиќ<br>4. Филип Стојковски<br>5. Биљана Димковска |
| 4. Управување и раководење | 1. Фросина Гелевска (одговорно лице)<br>2. Фросина Петковска<br>3. Емилија Цветановска<br>4. Славица Серафимовиќ |





Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје.
Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.
Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на_______година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>За потребите на ова подрачје направен е увид во повеќе пишани документи: пограмата за работа на училиштето; распоредот за додатна и дополнителна настава; правилникот за оценување и напредување на учениците; интерниот правилник за оценување, направен е увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; записниците од стручните активи и наставничкиот совет; анкетите / интервјуата со учениците и наставниците, родителите / старателите; инструментите за индивидуализирани начини за проверка. Од сите овие документи собрани се повеќе податоци и информации, а дадени се и лични сугестии по одредени прашања. Од сето ова можеме да кажеме дека наставниците подготвуваат планирање на тема и сценарија за час и глобални, тематски и дневни планирања за седмо, осмо и деветто одделение, бидејќи во нив наставата се изведува по стара концепција, а увид во планирањата врши директорот на училиштето. Сите наставници одговориле дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата, дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во |





полугодието и дека добиваат подршка од директорот или стручната служба при изготвување на планирања за нивниот наставен предмет/и.
Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, на родителите и на учениците. Со нив имаат можност да се запознаат на родителските состаноци и на состаноците на

Наставничкиот совет. Сите наставници одговориле дека разменуваат искуства за планирања за часовите во рамки на стручните активи најмалку два пати во полугодие.

Училиштето ги реализира наставните планови и програми добиени по насоки од Министерството за образование и наука. Сите наставници вов анкетите одговориле дека задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Поголем број или 64% од учениците се изјасниле дека имаат можност да учат на различни начини преку проекти, игри, истражувања и сл. Кога станува збор за родителите, 94% сметаат дека во текот на учебната година, нивното дете ги има сите наставни часови согласно распоредот.
Училиштето дава можност на учениците да вршат избор на наставните предмети. Со новиот Наставен план од 2024 година предвидени се повеќе изборни предмети како за одделенска така и за предметна настава. Анкетни листови се поделени на сите ученици со понуден избор од минимум 3-5 слободни изборни предмети. Поголем број или 66% од учениците се изјасниле дека сами ги избираат слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат според своите интереси. Од родителите 97% одговориле дека се запознаени со листата на изборни-слободни изборни предмети и активности а 64% одговориле дека изборните предмети/активности кои ги посетува нивното дете ги има избрано согласно неговите интереси.

Што се однесува до изборот на задачи, активности и на ресурси Најголем број од наставниците одговориле дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе. 84% од учениците се изјасниле дека на часовите користат различни материјали за учење (енциклопедии, списанија, интернет, модели).Поголемиот број на родители т.е 90% сметаат дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите според индивидуалните потреби на нивното дете.

Постои разновидност во применување на наставните форми и методи, најчесто се користи работа во парови и индивидуална форма на работа. Групната работа се применува во одделенијата каде што бројот на учениците е поголем. Се применува и истражувачката работа и формата за интеракција со која ученикот е во улога на активен субјект и има можност самостојно да го искаже своето мислење. Преку современите методи и техники на работа, наставни ливчиња по нивоа, пофалби, учениците се воведуваат во различни стилови на учење. Сите наставници целосно се согласуваат дека на нивните часови учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив и дека кон учениците се однесуваат со почитување.

47% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат дека успешно





соработуваат со образовни асистенти (работат и во други училишта каде има вработено образовни асистенти), по 6% од наставниците одговориле дека се согласуваат или делумно соработуваат со образовни асистенти, а 41% од наставниците одговориле дека целосно не се согласуваат (во нашето училиште нема вработен образовен асистент и ученици со посебни образовни потреби) . 83% од учениците одговориле дека наставниците ја прават содржината од предметите интересна додека 75% од учениците одговориле дека наставниците активно ги вклучуваат учениците во наставата, преку поставувања на прашања, дискусии и групи.

Кога станува збор за активности за меѓуетничка интеграција во образованието во училиштето се промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката припадност. Веќе неколку години наназад фокусот на актвиностите поврзани со Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието се однесува на заедничките активности со партнер училиштето, ООУ „Христијан Карпош“ – Младо Нагоричане при што неколку години наназад аплицираме и добиваме гранд за заеднички актовности кои се реализираат во тековната година.

Кога станува збор за слободно изразување на часовите, најголемиот број од родителите односно 94% се зјасниле дека нивното дете може слободно да се изрази за време на часовите. Сите родители се изјасниле дека редовно се известени од страна на наставниците за постигнувањата на нивното дете во училиште. 96% од родителите се изјасниле дека редовно ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигнувањата на нивното дете, а различните способности на учениците, наставниците ги проверуваат и оценуваат преку користење на тестови, наставни ливчиња како и усни одговори на учениците за време на часовите и вклученост во совладување на нови наставни содржини. Од направениот увид во програмата, дневникот за работа на директорот добиена е информацијата дека директорот ја следи работата на наставниците во сите подрачја. Училиштето има изграден критериум за оценување, следење и планирање на професионалниот развој на наставниците. Во интерниот дневник на психологот фигурираат податоците дека при запишување на учениците се води разговор за социјалниот и економскиот статус на учениците. Од испитувањата на способностите на учениците се врши идентификување на образовните потреби на учениците. Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебната година и тоа описно и бројчано, а успехот на учениците се соопштува преку евидентни листови, свидетелства и досиеја на ученици.

Сите наставници кажуваат што учениците добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат континуитет на успехот. 92% од учениците одговориле дека редовно се известени за нивните постигнувања и за начините како да го подобрат нивниот успех.

Најголем процент од наставниците редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати и за вложениот труд. Исто така на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат

соодветните очекувања. 92% од учениците се изјасниле дека редовно се пофалувани за своите постигнати резултати.

Родителите - 97% сметат дека наставниците го пофалуваат нивното дете за постигнатите резултати.

Напредокот на учениците се бележи во електронските дневници и во секое време родителите можат да се информираат за успехот на нивното дете. За постигнатиот успех учениците се наградуваат и пофалуваат, а воедно и нивните родители се известуваат усмено и писмено за постигањата на нивните деца на родителски состаноци, индивидуални советувања и од електронскиот дневник. Најголем дел од наставниците ги вклучуваат информациите од оценувањето во наставата и според тоа применуваат различни начини на оценување.92% од учениците сметаат дека наствниците користат различни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, тестови, наставни ливчиња и сл.) 91% од учениците одговориле дека се пофалени од наставниците за вложениот труд. Додека 97% од родителите се изјасниле дека наставниците го пофалуваат нивнотот дете за вложениот труд.

Што се однесува до воннаставните активности поголем дел од наставниците споведуваат воннаставни активности и се трудат предвидените активности целосно да ги реализираат. 64% од учениците одговориле дека имаа можат да изберат различни воннаставни активности (клубови, проекти, акции). Скоро сите родители се изјасниле дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности и скоро сите родители се изјасниле дека нивното дете е вклучено во воннаставните активности според сопствените интереси. При изведување на воннаставни активности се води сметка од сите наставници да бидат вклучени ученици од различен пол и различен наставен јазик (српски и македонски). При планирањето на воннаставните активности се вкучуваат и учениците за што говори и следниот податок од анкетите, односно сите наставници односно 94% одговориле дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците. 81% од учениците одговориле дека имаат можност да се вклучат во воннаставни активности по сопствен избор. 83 % од учениците пак одговориле дека наставниците ги вклучуваат во подготвување и планирање на воннаставните активности.

Кога станува збор за натпреварите поголем број од наставниците, редовно планираат учество на школски натпревари во зависност од можностите и интересите на учениците. 89% од учениците одговориле дека наставниците ги мотивираат да учествуваат на различни натпревари. Но, за жал се помал е одзивот од страна на учениците за учество на натпревари и интерни конкурси по различни поводи.

**Силни страни**

- Голем број на ученици се вклучени во воннаставните активности во училиштето;
- Соработка и добар меѓусебен однос меѓу сите структури;
- Практични изработки на наставници и стручни соработници со ученици по повод значајните датуми;
- Редовно изложување на трудовите на учениците во текот на годината и организирање на изложби на ликовни и литературни творби

**Слаби страни**

- Голем бројот на изостаноци на учениците
- Мал одзив на родители на покани на одделенски раководители и стручна служба за советувања;
- Мал број на ученици кои пројавуваат интерес за учество на училишни натпревари;
- Мал одзив на ученици за учество на литературни и ликовни конкурси организирани од училиштето по различни поводи и манифестации.

**Приоритети**

- Подобрување на соработката со родителите на ученици кои не редовно посетуваат настава;
- Намалување на отсуствата на ученици од наставата;
- Подобрување на постигнувањата на учениците кои не посетуваа редовно настава;
- Поттикнување и мотивирање на учениците за учество на натпревари.
- Поголема соработка со други училишта, учества во проекти, меѓусебна соработка и размена на информации.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Редовната настава се реализира преку задолжителни и изборни предмети. Постигнувањата на учениците од прво до трето одделение ви основно образование за крај на годината се оценуваат описно, истото се врши врз основа на тековно и систематско следење на учениците, изготвување на чек листи, извештаи кои се водат за секој ученик посебно.Додека од четврто до деветто одделение се врши со бројки. Врз основа на ова следење се врши оценување на постигнувањата и напредувањето на учениците на развојните цели и знаењата, способностите и вештините (формативно и сумативно оценување). Извештаите за постигнувањата на учениците, односно оценките за сите ученици се внесуваат во Евидентните листови, а на крајот на годината во свидетелства. Постигнувањата на учениците кои се оценуваат описно, во сите класификациони периоди се дадени според блумовата таксономија, односно преку 4(четири) нивоа –познавање, второ ниво –разбирање и сфаќање, трето ниво-примена на стекнатите знаења и четврто ниво-анализа, синтеаза и евалвација. Истите се дадени збирно на ниво на секое одделение. По направената споредба од изминативе две години имаме подобрување на среден успех на ниво на училиштето. Од изнесените податоци се забележува дека највисок среден успех има по предметите ликовно образование, музичко и физичко и здравствено образование, додека најнизок скор за крај на учебната година имаа по предметите историја и математика.

Во нашето училиште има голем број на оправдани и неоправдани изостаноци и

голем број на изречени педагошки мерки од страна на одделенските наставници. Најголем број на изостаноци се направени од страна на учениците од ПУ с.Алгуња, и истите ученици продолжуваат да прават изостаноци во централното училиште, во предметна настава.

Програмата за советување на родители се одвива според правилата наложени во самата програма и тоа најчесто по основ на намален успех и по основ на непосетување на наставата. Родителите не доаѓаат редовно на советување, нивното доаѓање се сведува на молење и најчесто доаѓаат по третата покана. Исто така, за жал состаноците не допринесуваат никакви позитивни резултати, а родителите тврдат дека се немоќни да ја променат состојбата. Дел од децата живеат во дисфункционални семејства и најверојатно нивното однесување како и постигањата во учењето се слика на средината во која живеат.

Дополнителна и додатна настава спаѓаат во задолжителна настава во паралелки кои се по стара програма, додека по новата концепција од прво до шесто одделение додатна и дополнителна настава се реализира во слободни ученички активности.

**Силни страни**

- Зголемен процент на среден успех на ниво на училиштето
- Успешно идентификување на учениците со потешкотии во учење и поголемо време посветено на индивидуална работа со нив поради малиот број на ученици во одделение.

**Слаби страни**

- Голем број на изостаноци, посебно неоправдани, намалување на поведение и изречени казни;
- Незаинтересираност на родителите (не јавувања на советувања), за соработка со педагошко-психолошка служба и одделенските раководители за подобрување на редовноста на учениците;

**Приоритети**

- Подобрување на соработката со родителите и нивна поголема ангажираност за успехот и редовноста на своите деца.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

За прибирање на што поисцрпни информации потребни за ова подрачје користени се записници од одделенските совети. Врз основа на нив констатирано е дека се јавуваат проблеми во врска со поведението и дисциплината во училиштето. Но тоа не





се однесува на сите ученици, туку е карактеристично за поединечни случаи. Меѓу проблемите можат да се вбројат неажурност, нередовно посетување на училиштето, нарушување на правилата на однесување спрема другите ученици, наставниците и возрасните, неправилен однос спрема училишниот имот,како и целосно напуштање на наставата од одредени ученици во текот на целата учебна година. Во зависност од проблемите се известуваат надлежните органи. Карактеристично е што нашето училиште зема активно учество на разни литературни и ликовни конкурси, фудбалски натпревари, а е вклучено и во посета на повеќе„ Денови на училиштата“. Ги остварува и сите други активности предвидени во Годишната програма за работа. Во сите наставни и вонnаставни активности подеднакво се вклучени и ангажирани и машките и женските ученици без разлика на етничкото потекло. Тие се подготвуваат за живот во слободно општество, за кое свесно ќе имаат одговорност и ќе се раководат во духот на разбирање, мир, толеранција, еднаквост на половите и пријателство помеѓу сите народи. Овие теми се обработуваат на одделенските часови од второ до деветто одделение и преку наставните предмети во прво одделение, преку реализација на

Програмата- Образование за животни вештини и граѓанско образование во осмо и деветто одделение. Во текот на годината се закажуваат редовни родителски состаноци како на ниво на паралелка, така и на ниво на училиште. На нив родителите се информираат за состојбите во училиштето, реализација на Наставните планови и програми, како и за другите активности што се одвиваат во училиштето. Поради руралната средина во која се наоѓа нашето училиште, неговата соработка со културни центри и стопански организации е ограничена. Локалната власт има увид во работата на училиштето преку свои претставници во Училишниот одбор и има контрола на финансиското работење преку следење на сметките со наменски донации. Учениците и наставниците се горди на своето училиште бидејќи имаат добиено бројни награди, признанија и пофалби за своите постигнувања во наставата и другите подрачја. Ликовните, литературните и креативните творби се изложуваат на учениците од двата пола, подеднакво се води грижа да бидат изложени и творбите на учениците со помали способности. Од записниците од посета на часови е забележано дека се води сметка сите ученици да добиваат еднаков третман. Според Годишната програма за работа на училиштето, родителите се вклучуваат во животот на училиштето, исто така Советот на родители реализира одредени активности, како и предавања на актуелни теми. За надминување на определени проблеми родителите се вклучуваат во Програма за советување на родители реализирана од педагошко-психолошката служба на училиштето. За собирање на повеќе податоци и во ова подрачје е користен методот на анкетен прашалник за учениците, родителите и наставниците.

Во врска со поведението и дисциплината во учиилштето се јавуваат проблеми како што се: неажурност на учениците, нередовно посетување на училиштето, нарушување на правилата на однесување спрема другите ученици, наставниците и возрасните, неправилен однос спрема училишниот имот, попречување на воспитно-образовната работа во паралелки. (Ваквите постапки не се правила на однесување, туку поединечни случаи).Дисциплината е на задоволително ниво и нема некои случаи на несоодветно однесување или насилно однесување.Сите ученици имаат примерно





поведение освен неколку ученика.Културата на однесување кај сите структури во училиштето е регулирана со Кодекс на однесување на ученици, наставници, родители и другите лица вклучени во воспитно-образовниот процес. Нарушувањето на правилата на однесување и неисполнување на училишните обврски повлекуваат изречување на педагошки мерки пропишани со Законот за Основно образование и Статутот на училиштето. Исто така за оваа проблематика родителите се вклучуваат во Програма за советување која ја реализира педагошко-психолошката служба на училиштето.Во зависност од проблемите се известуваат и соодветни институции како што се Центар за социјални работи и МВР.Угледот и имиџот на училштето е доста важна и една од најважните компоненти.Нашето училиште ужива висок углед како во локалната средина така и во поширокатa општествена заедница во рамките на нашата држава и надвор од нејзините граници.За тоа се грижат сите вработени во училиштето од различни структури почнувајќи од наставниците , директорот на училиштето , администрацијата, педагошко –психолошка служба ,односно лицата задолжени за хигиената. Тоа го чинат со убавиот и коректен однос кон учениците , родителите и сите странки кои доаѓаат во училиштето по различни потреби. Понатаму со точно и прецизно и навремено давање на податоци и издавање на потребни документи. За тоа се грижат сите вработени во училиштето од различни структури почнувајќи од наставниците , директорот на училиштето , администрацијата, педагошко –психолошка служба ,односно лицата задолжени за хигиената. Тоа го чинат со убавиот и коректен однос кон учениците , родителите и сите странки кои доаѓаат во училиштето по различни потреби. Понатаму со точно и прецизно и навремено давање на податоци и издавање на потребни документи.Во училиштето има донесено кодекс на однесување кој сите треба да го почитуваат и да се придржуваат спрема правилата и одредбите од овој кодекс.Поголем број од учениците целосно се согласуваат дека во училиштето имаат донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваат, мал број од учениците рекле дека се согласуваат со ова тврдење,додека пак незначителен дел се изјасниле дека не се согласуваат и незначителен број целосно не се согласуваат со ова тврдење и се неинформирани по ова прашање. Во врска со кодексот на однесување во училиштето дали се запознаени, родителите одговориле вака: поголем број одговориле дека се запознаени и целосно се согласуваат,мал број тврдат дека се запознаени, додека незначителен дел велат дека не се согласуваат со ова тврдење,а незначителен дел исто така велат дека не се запознаени и дека немаат информација за тоа.Дали имаат можност да придонесат за развојот/ажурирањето на содржината на кодексот,мал број од родителите велат дека целосно се согласуваат со ова тврдење и ја имаат таа можност во целост,поголем број се изјаснуваат дека се согласуваат,а незначителен број велат дека не се согласуваат со оваа тврдење,а исто така незначителен број велат дека не знаат и немаат информација. Што се однесува до запознаеноста со последиците од непочитувањето на овие правила,поголем број од учениците целосно се согласуваат дека се запознаени,мал број тврдат дека се согласуваат и се запознаени,незначителен број се изјасниле дека не се согласуваат, а исто така незначителен број не се информирани и не знаат за оваа работа. Дека училишните правила се применуваат подеднакво врз сите ученици, поголем број од

учениците целосно се согласуваат дека ова тврдење е точно.Незначителен број велат дека се согласуваат со ова констатација,а исто така во незначителен број од учениците велат дека не се согласуваат со ова тврдење.Наставниците во однос на учеството/ажурирањето на кодексот за однесување во училиштето вака се имаат изјаснето:незначителен број целосно се согласуваат,поголем број рекле дека се согласуваат,незначителен број велат дека не се согласуваат,а исто така незначителен дел се изјасниле дека немаат информација за тоа.Со тврдењето дека училиштето соодветно постапува додека се прекрши Кодексот на однесување најголем број од наставниците целосно се согласуваат,а незначителен број тврдат дека се согласуваат.За атмосверата во училиштето дека е позитивна и поттикнувачка поголем дел од наставниците целосно се согласуваат,а незначителен број се согласуваат. Поради пријатната атмосфера во училиштето,поголем број од учениците велат дека сакаат да одат во училиште и целосно се согласуваат, а незначителен број се согласуваат,а незначителен број не се согласуваат, а исто така незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број не знаат и немаат информација.Во врска со ова тврдење за желбата за одење во училиште на нивните деца родителите во поголем број целосно се согласуваат,незначителен број се согласуваат,а исто така незначителен број не се согласуваат.Наставниците велат дека имаат на нивните часови добра работна атмосфера и со тоа мислење поголем број целосно се согласуваат, а мал број се согласуваат.Наставниците велат дека добро соработуваат со колегите и со ова тврдење поголем бројцелосно се согласуваат,а незначителен број се согласуваат. Заклучок од сите овие изјави е дека во нашето училиште има пријатна клима за работа.На прашањето ако учениците имаат потреба од помош,можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник ,поголем број од учениците имаат одговорено дека целосно се согласуваат,а незначителен број имаат кажано дека се согласуваат.Исто така велат учениците дека можат слободно да бараат совет и подршка од педагогот и психологот во училиштето и со ова нивно тврдење поголем бтрој целосно се согласуваат,а незначителен број само се согласуваат,а незначителен дел не се согласуваат.Родителите велат дека училиштето добро се справува со дисциплината и со ова тврдење целосно се мислењата околу целосното согласување и само согласувањето се идентицни ,пола на пола.Според анализираните резултати од анкетирањето на овој индикатор констатирано е дека во нашето училиште нема проблеми со дисциплината, а ако се јават некои мали испади и прпоблеми лесно,брзо и ефикасно се решаваат бидејќи учениците знаат каде да се обратат и каде да побараат помош која веднаш ја добиваат.И родителите го делат истото мислење со учениците и наставниците.Во врска со учеството на учениците во донесување на одлуки и решавање на проблеми Учениците се изјасниле дека добиваат помош и подршка во училиштето при решавање на некој проблем и со оваа констатација поголем број целосно се согласуваат, а мал број само се согласуваат,додека пак незначителен број не знаат и немаат информација. Наставниците ги мотивираат учениците да учествуваат во донесувањето на одлуки за прашања кои се во нивен интерес и поголем број целосно се согласуваат, а мал број се согласуваат.





Наставниците велат дека учениците и родителите во училиштето добиват соодветна подршка и помош за решавање на проблемите и со ова тврдење најголем број целосно се согласуваат, додека незначителен број се согласуваат.Значи со ова се заклучува дека сите се вклучени во донесување на одлуки и заемно се вклучени во решавање на проблеми и тоа право подеднакво на сите им е овозможено.Наставниците ги разбираат индивидуалните проблеми и потреби на секој ученик..Ако се прекршат правата на детето ,учениците знаат каде да се обратат и како да постапат. Со ова тврдење поголем број од учениците целосно се согласуваат,незначителен број се согласуваат,а незначителен број не се согласуваат. Дали биле вклучени родителите во активностите за запознавање со правата на децата организирани во училиштето ,родителите имаат дадено вакви одговори:поголем број целосно се согласуваат,незначителен број се согласуваат, а незначителен број не се согласуваат,а исто така незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број не знаат и немаат информација.Во врска со правата на децата ,наставниците реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.Со ова тврдење за организирање на такви работилници незначителен број од наставниците целосно се согласуваат, поголем број се согласуваат, а незначителен број не се согласуваат,а исто така незначителен број не знаат и немаат информација за тоа.Наставниците им укажуваат на различните механизми на учениците за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.Со овој исказ поголем број од наставниците целосно се согласуваат, мал број се согласуваат.На прашањето дали наставниците ги разбираат индивидуалните проблеми и потреби на секој ученик ,голем дел од учениците одговориле дека целосно се согласуваат и дека наставниците имаат разбирање за нив.Ако се прекршат правата на детето, учениците знаат каде да се обратат и како да постапат и голем дел имаат позитивно мислење и тврдат дека се сватени и им е помогнатао во тој одред. Исто така и родителите се вклучени во процесот на запознаваење на правата на нивните деца во училиштето и половината од анкетираните родители велат дека се запознаени со овој процес, додека останатите се со недоволни информации за ова. Во врска со правата на децата, наставниците реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата. Со ова тврдење за организирање на такви работилници мал дел од наставниците целосно се согласуваат, а поголем дел се согласуваат, а незначителен број не се согласуваат,а исто така незначителен број не знаат и немаат информација за тоа.Наставниците им укажуваат на различните механизми на учениците за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.Со овој исказ согласуваат мислењата се половични.

Половина од наставниците целосно се согласуваат, додека пак втората половина само се согласува. Училиштето пружа еднакви можности и еднаков третман на сите деца и нема никаква дискриминација по било која основа. Со ова тврдење и учениците и наставниците и родителите во голем дел се имаат позитивно изјаснето и имаат позитивен став за ова прашање велат дека им се дадени подеднакви можности на сите и нема дискриминација по етичка или религиска припадност. Наставниците навремено реагираат на поплаките на учениците на нееднасков третман.





Наставниците тврдат дека различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучуваат во училишните активности и со оваа констатација најголем број од наставниците целосно се согласуваат,а незначителен број се согласуваат. Родителите / старателите, наставниците ги поттикнуваат активно да се вклучат во активностите во училиштето и со ова тврдење поголем дел од наставниците целосно се согласуваат,а незначителен дел се согласуваат, а незначителен број не се согласуваат.Мислењата и ставовите на родителите/ старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат наодредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Со ова тврдење половина од анкетираните родители/старатели целосно се согласуваат, а половината се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број не знаат и немаат информација. Наставниците ги прифаќаат идеите од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес. Наставниците велат дека учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата и со овој нивен став и исказ целосно се согласуваат и голем дел целосно се согласуваат и се согласуваат.Во училиштето се работи на спречување и превенција од насилство.На таа тема се работи со учениците од страна на наставниците преку организирање на работилници за спречување на врсничко насилство.И родителите се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.Сите анкетирани страни имаат дадено високи одговори на оваатема.Голем дел се согласуваат дека ова тврдење е точно.Кај родителите незначителен број не се запознаени со ова тврдење.Општа констатација е дека нашето училиште добро се справува и тежнее кон ненасилно решавање на конфликти.Во училиштето се организираат работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето,алхохолот и наркотичните средства и во тие работилници учениците активно учествуваат.Со ваквото нивно изјаснување целосно се согласуваат голем дел целосно се согласуваат, незначителен број велат дека само се согласуват, а пак незначителен број не се согласуваат и незначителен број целосно не се согласуваат. На прашањето дали наставниците учествуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога, наставниците во поголем број целосно се согласуваат, незначител број се согласуваат, а незначителен број не се согласуваат. На прашањето дали во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол,пушење и дрога, поголем број од родителите целосно се согласуваат, мал број се согласуваат,а пак незначителен број не знаат и немаат информација.Учениците во училиштето добиваат квалитетна храна преку организирана ужина која ја добиваат од фирма за која има распишано тендер и е изберена за снабдување на учениците со храна.Дека училиштето е чисто и уредно целосно се согласуваат поголем број од учениците, мал број се согласуваат, а незначителен број не се согласуваат,а има и незначителен број кои целосно не се согласуваат.На прашањето дали се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето,поголем број одговориле дека целосно се согласуваат со ова тврдење,мал број рекле дека се согласуваат,а незначителен број се изјасниле дека не се согласуваат.Родителите велат дека училиштето се грижи за добросостојбата на неговото дете.Родителите тврдат дека училиштето се грижи за

емоционалната состојба на неговото дете.ѓУчениците се чувствуваат во училиштето прифатено од наставниците и за ова чувство голем број се изјасниле дека целосно се согласуваат,незначителен број велат дека се согласуваат и незначителен број незнаат и немаат информација за ова.Учениците велат дека ученичката заедница од нивното одделение учествува во активностите за подобрување на работата на училиштето и со овој став целосно се согласуваат мал број,додека пак мал број само се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, а пак незначителен број немаат информација.

Родителите велат дека нивното дете е прифатено од соучениците и со ова тврдење целосно се согласуваат поголем број, додека пак незначителен број само се согласуваат и незначителен број не се согласуваат. Мал број од родителите велат и целосно се согласуваат со тврдењето дека училиштето дава информации и подршка при изборот на понатамошното образование, поголем број се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број не знаат и немаат информација за ова.

**Силни страни**

- Со учениците се спроведуваат активности за превенција на насилно и ненасилно решавање на конфликти и со тоа учениците знаат како да постапат ако забележат кога им се случува врсничко насилство во училиштето
- Атмосферата во училиштето е позитивна и потикнувачка.
- Се реализираат работилници со учениците за превенција од пушење, алкохол и дрога.
- Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка за решавање на проблемите и училиштето добро се справува со дисциплината
- Родителите се изјасниле дека нивното дета е прифатено и почитувано од наставниците.

**Слаби страни**

- На родителите да им се даде можност да придонесат за развојот/ажурирањето на содржината на кодексот на однесување.
- Поголема запознаеност на родителите со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство.
- Училиштето да даде повеќе информации и подршка при изборот на понатамошното образование на учениците.

**Приоритети**

- Вклучување на училиштето во проекти заради унапредување и подобрување на работата на училиштето и воспоставување на поголема соработка со општината, заедницата
- Вклучување на родителите во спроведување на заеднички проекти кои се од интерес на училиштето
- Прифаќање на повеќе аргументирани идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.





**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Според собраните податоци, училиштето во согласност со законот за основно образование, целосно ги реализира сите активности за управување, раководење и креирање политики.

Поконкретно, органот за управување, училишниот одбор, како и советот на родители и ученичкиот парламент редовно ги одржуваат своите состаноци, разгледуваат прашања кои се од важност за работата на училиштето, даваат предлози и мислења. Сите чинители во работата на училиштето се согласуваат дека се информирани за одлуките и плановите за добро управување на училиштето.
Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите.
Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.

Директорот како раководен орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува соработка со локалната средина, деловна средина и граѓанските организации.
Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
Советот на родители исто така работи по изготвена програма и дава мислења по одредени прашања. Во учебната 2023/2024 година се одржале 3 состаноци, а во 2023/2024 година 4 состаноци. Состаноците се закажуваат со утврден дневен ред според потребите во тој период како што е одлучување за осигурување на учениците, организирање на ужина, известување за екскурзии, годишни програми и извештаи и други теми кои се во интерес на учениците и родителите.

Училишната библиотека располага со повеќе од 4000 книги, вклучувајќи ги и лектирните изданија, стручна литература, списанија. Застапени се според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката може да се користи како читална, добро е уредена, се води библиотечна евиденција како и евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за





користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и совремeнтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени чек-листи/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата. При нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Последната развојна програма училиштето ја има изготвено за период од учебна 2023/2024 год. до учебна 2026/2027 год.

Училиштето е буџетски корисник и речиси сите ресурси ги обезбедува од финансиите кои ги добива од основачот, општината. Поголемиот дел од средствата од блок дотациите се трошат за плати и подмирување на тековните трошоци. Останува мал дел на располагање за други трошоци и наставни средства и помагала. Поголемиот дел од ресурсите за настава се обезбедени со проекти од невладини организации, донации и проекти од МОН. И покрај таквите финансиски услови и учениците и родителите и наставниците сметаат дека се добро обезбедени со ресурси и дека се во можност да ги користат.





Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

Што се однесува до креирањето училишна политика и планираните активности, мал број/процент од испитаниците (наставници, ученици и родители) не се согласуваат со тврдењата дека се информирани или не знаат.

**Силни страни**

- Обезбедување на потребни ресурси
- Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење;
- Соработка помеѓу раководството, воспитно образовен кадар, учениците и родителите при донесување одлуки;

**Слаби страни**

- Недоволна информираност на родителите, учениците и наставниците за плановите во идниот период, одлуките кои ги донесува училишниот одбор како и за буџетот
- Не искористување на достапни ресурсите и нивно користење во училиштето;
- Недоволна информираност на родителите од страна на претставниците од Совет на родители во врска со резултатите што треба да се постигнат;

**Приоритети**

- Пронаоѓање соодветен начин на информирање на родители за начинот на работа на училиштето, училишниот одбор, советот на родители, како и информирање за ресурсите кои ги има училиштето и како и на кој начин се користат.
- Начин на кој ке бидат информирани родителите од страна на претставниците од Совет на родители во врска со резултатите што треба да бидат постигнати.





## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Откако комисијата ги разгледа сите силни и слаби страни, како и приоритетите поединечно за сите 4 подрачја, донесе предлог мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето и тоа:

- Поттикнување и мотивирање на учениците за учество на натпревари.
- Поголема соработка со општината, заедницата, други училишта и учество во заеднички проекти со споменатите институции, заради унапредување и подобрување на работата на училиштето
- Прифаќање на повеќе аргументирани идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес и нивно директно вклучување во работата на училиштето преку еколошки акции, дополнување на кодексите за однесување на родителите и учениците, просторно уредување на училишниот двор итн.
- Пронаоѓање соодветен начин на информирање на сите родители за начинот на работа на училиштето, училишниот одбор, советот на родители, како и информирање за ресурсите кои ги има училиштето - како и на кој начин се користат.

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

Емилија Тренчовска- Поповска (психолог)

Габриела Пешевска (одделенски наставник)

Наташа Максимовска (наставник по англиски јазик)

**Родители:**

Вера Ванковиќ

Фросина Вељковиќ